РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 08-134
09.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22, а во врска со алинеја 2 од истиот член од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23 и 55/24), член 121 од Законот за општата управна постапка (“Службен весник на Република Македонија”, бр.124/15), и член 42 став 1 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-134 од 05.04.2024 г. за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г. („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.59/24), а согласно Заклучокот, бр.02-1795/2 од 09.04.2024 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 14-та седница одржана на 08.04.2024 г. донесе

## ОДЛУКА

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, најдоцна до 09.04.2024 г., да ги исполни следниве финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 3.591,00 денар, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, во Службен весник на Република Северна Македонија (РСМ), бр.59/24 – по Фактура бр.2632-6849/27 од 14.03.2024 г. (арх.бр.05-1330/1 од 21.03.2024 година);
- да ги плати трошоците во износ од 44.120,00 денари, со вклучен ДДВ за објавување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г., во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ (по Фактура бр.33524/2024 од 11.03.2024 г. (арх.бр.05-1336/1 од 21.03.2024 г.) и Фактура бр.2410300556 од 08.03.2024 г. (арх.бр.0503-1178/1 од 11.03.2024 г.);

- да ги плати трошоците во износ од 1.051,00 денар, со вклучен ДДВ за објавување на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 бр.0802-113 од 13.03.2024 г., во Службен весник на РСМ, бр.62/24 – по Фактура бр.2832-6849/27 од 19.03.2024 г. (арх.бр.05-1385/1 од 25.03.2024 г.);

- да ги плати трошоците во износ од 3.591,00 денари, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г. во Службен весник на РСМ;

- да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на ден 26.03.2024 г. против Агенцијата, за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г.

3. Оваа одлука стапува во сила на ден 09.04.2024 г., под услов ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, навремено да ги исполни сите финансиски и други обврски, содржани во точката 2 од оваа Одлука, кон Агенција и за тоа да достави доказ до Агенцијата.

Доколку радиодифузерот ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, не ги исполни обврските содржани во точката 2 од оваа Одлука во наведениот рок, останува во сила Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г. и Фактурата за надоместокот бр.2024-100-0096 од 08.03.2024 г. (арх.бр.0503-1162/1 од 08.03.2024 г.), која е издадена врз основа на оваа Одлука.

4. По стапувањето во сила на оваа одлука, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, се запишува во регистарот на радиодифузери кој го води Агенцијата.

5. Оваа Одлука се објавува во Службен весник на РСМ, и на веб страницата на Агенцијата.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 01.03.2024 г., согласно Заклучокот, арх бр.0201-1054/5 од 01.03.2024 г., донесе Одлука Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г., поради тоа што не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок.

На ден 26.03.2024 г. до Агенцијата од страна на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ беше доставено Известување Уп1 бр.08-63 од 26.03.2024 г., со прилог уплатница за извршена уплата по Фактура арх бр.2024-100-0055 од 11.01.2024 г. (арх бр.0503-232/1 од 11.01.2024 г.), во износ од 15.474,00 (петнаесет илјади четиристотини седумдесет и четири) денари и копија од поднесената Тужба за поведување на управен спор, до Управниот Суд на РСМ, против Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г.

За горенаведеното, од страна на Секторот за финансии и логистика до Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, беше доставено Известување за

извршена уплата за надоместокот за дозволата од ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, арх бр.05-1756/1 од 02.04.2024 г.

Согласно законската можност содржана во член 121 од Законот за општа управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управните спорови, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, најдоцна до 09.04.2024 г. треба да ги исполни следните финансиски и други обврски, и тоа:

- да ги плати трошоците во износ од 3.591,00 денар, со вклучен ДДВ, за објавување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, во Службен весник на Република Северна Македонија (РСМ), бр.59/24 – по Фактура бр.2632-6849/27 од 14.03.2024 г. (арх.бр.05-1330/1 од 21.03.2024 година);
- да ги плати трошоците во износ од 44.120,00 денари, со вклучен ДДВ за објавување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г., во 2 (два) дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во РСМ (по Фактура бр.33524/2024 од 11.03.2024 г. (арх.бр.05-1336/1 од 21.03.2024 г.) и Фактура бр.2410300556 од 08.03.2024 г. (арх.бр.0503-1178/1 од 11.03.2024 г.);
- да ги плати трошоците во износ од 1.051,00 денар, со вклучен ДДВ за објавување на Решението за бришење од регистарот на радиодифузери Уп1 бр.0802-113 од 13.03.2024 г., во Службен весник на РСМ, бр.62/24 – по Фактура бр.2832-6849/27 од 19.03.2024 г. (арх.бр.05-1385/1 од 25.03.2024 г.);
- да ги плати трошоците во износ од 3.591,00 денар, со вклучен ДДВ, за објавување на оваа Одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г. во Службен весник на РСМ;
- да ја повлече Тужбата поднесена до Управниот суд на РСМ, на ден 26.03.2024 г. против Агенцијата, за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г.

Доколку ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, не ги исполни наведените обврски, во утврдениот рок, останува во сила Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. за одземање на дозволата Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г. и Фактурата за надоместокот бр.2024-100-0096 од 08.03.2024 г. (арх.бр.0503-1162/1 од 08.03.2024 г.), која е издадена врз основа на оваа Одлука.

Имајќи предвид дека ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, со уплатата од 26.03.2024 г., со износ од 15.474,00 (петнаесет илјади четиристотини седумдесет и четири) денари, во целост ја исполнил својата обврска за плаќање на надоместокот за дозволата за радио емитување, престанал да постои основот - неплаќање на надоместокот во законски утврдениот рок пропишан во член 82 став 1 алинеја 6 од ЗАВМУ, врз основа на кој Советот на Агенцијата, донел одлука за одземање на дозволата за радио емитување.

Согласно член 121 од Законот за општата управна постапка и член 42 став 1 од Законот за управни спорови, Советот на Агенцијата, го усвои Предлогот Уп1 бр.08-134 од 05.04.2024 г. за донесување одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г., за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 г. и на 14-та седница, одржана на ден 08.04.2024 г. со Заклучок арх бр.02-1795/2 од 09.04.2024 г., донесе Одлука со која се пристапи кон поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 г. на Советот на Агенцијата за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО

АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 07.09.2023 г.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука, ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ;
-Управителот на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1;
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ и
- Архивата на Управен Суд на РСМ.